РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2593/4
27-04-2022 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 66-та седница одржана на ден 21.04.2022 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот со број 12-2593/1 од 29.07.2020 година, оформен по доставена пријава на познат подносител, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување поради промена на фактичка состојба како и од причина што постапувајќи по друг предмет за исти состојби, ДКСК има донесено одлука број 12-91/4 од 18.02.2022 година и доставено иницијатива за кривично гонење до надлежен орган.

Предметот со број 12-2593/1 од 29.07.2020 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на познат подносител- //////// поднесена е пријава заведена под број 12-2593/1 од 29.07.2020 година по која е оформен предмет со наводи за сомнеж за постоење на коруптивни активности од страна на претседателот на Совет на //////// поради повеќекратно симнување точката од дневен ред на седниците на Совет на општината (што е законска обврска на претседателот на Советот) за усвојување на ДУП за градска четврт ///// и ДУП за градска четврт //////. Со пријавата приложен е записник за утврдени состојби од координиран инспекциски надзор извршен од Државен управен инспекторат, Државниот инспекторат за локална самоуправа и Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам во однос на спорното постапување.

Констатираните состојби од страна на Државниот управен инспекторат укажуваат на обврската Советот на општината да одлучува по точката ставена на дневен ред, но и правото да не го усвои ДУП-от доколку членовите на Советот сметаат дека постојат пречки. Исто така од надлежниот инспекторат укажано е на законски слабости и недоречености во однос на непостоење на казнени механизми во услови на непостапување од страна на органите вклучени во подготвувањето, усогласувањето и усвојувањето на ДУП-овите.

До Министерството за транспорт и врски ДКСК достави барање за доставување на податоци, информации и документација дали има постапувано по предметниот случај и што е преземено од нивна страна како надлежен орган. Известувањето доставено од Министерството за транспорт и врски укажува на навремено исполнување на законските обврски на Министерството во однос на издавање на согласности за конкретните урбанистички планови. Што се однесува за проблемот околу неусвојување на ДУП, Министерството исто така укажува на законските недоречености нотирани и од Државниот управен инспекторат. Имајќи ги во предвид нотираните законски слабости, ДКСК нема механизми за натамошно постапување по овие наводи.

ДКСК постапуваше по друг предмет кој што се однесува на непостапување на /////// ///////// за изградба на објект без решение за градба, и во 2022 година до надлежен орган достави иницијатива за кривично гонење на /////. Се утврди дека незаконската градба на објектот е на локација во опфатот на ДУП-овите предмет на оваа пријава и поради нивното неусвојување, не е можно да се легализира дивоградбата.

Имајќи ги во предвид законските слабости, иницијативата на ДКСК за кривично гонење на ////// од друг предмет, како и фактот за промена на фактичката состојба во општината по одржаните Локални избори-2021 година, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: J.Ц..
Одобрил: К. Н.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Нури Бајрами**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk